## Клуч од тестот за општинскиот натпревар по географија за VII (седмо) одделение

1. На која граница на Република Северна Македонија, поважни гранични премини се Блаце и Табановце?

**Северната граница**

2. Каква е територијата на Република Северна Македонија според релјефот?

**Претежно планинска**

3. Во која група на планини и котлини се наоѓа планината Плачковица?

**Источновардарска група**

4. Кои од наведените планини се наоѓаат во Ниска Македонија или Повардарје

**Скопска Црна Гора и Кожуф**

5. Која котлина се наоѓа во Шарскиот планински предел?

**Дебарско-реканската котлина**

6. Басенот на кои од наведените реки се наоѓа во Пелагониската област?

**Маркова река и Тополка**

7. Во која група на планини и котлини поважни хидрографски објекти се реката Радика и Сатеска?

**Шарски планински предел на планини и котлини**

8. Во кој топлински појас се наоѓа територијата на Република Северна Македонија?

**Северниот умерен топлински појас**

9. По долините на кои реки е најголемо влијанието на климата од Егејското море?

**Вардар и Струмица**

10. Од кое море се чувствува влијанието на климата по долината на реката Црн Дрим?

**Јадранското Море**

11. Какво влијание на климата се чувствува од север и исток на територијата на Р.С. Македонија?

**Континентално влијаие**

12. Со каква клима се одликуваат Кичевската и Кумановската котлина?

**Типично континентална клима**

13. Која котлина се одликува со премин од медитеранска во континентална клима?

**Струмичко-радовишката котлина**

14. Во кој правец дува ветерот Југо?

**југ-север**

15. Кој ветер во Република Северна Македонија дува во зимскиот дел на годината во правец север-југ, по долината на Вардар?

**Вардарец**

16. Во кој период од годината има најмногу врнежи во Република Северна Македонија?

**зима и есен**

17. Кои простори во Република Северна Македонија се одликуваат со околу 500мм/м$^2$ врнежи годишно?

**Овчеполската и Тиквешката котлина**

18. Колку изнесува годишната количина на врнежи на Корабскиот планински масив и на планината Бистра?

**над 1000 мм/м$^2$**

19. Кој од наведените климатски типови не е застапен во Република Северна Македонија?

**суптропски климатски тип**

20. Кој климатски тип во Република Северна Македонија се одликува со топли и суви лета, со благи и врнежливи зими, со подолга и потопла есен и со пократка и посвежа пролет?

**изменето-средоземноморски климатски тип**

21. По долините на кои река се чувствува влијанието на средоземноморската клима до Охридско-струшката котлина и до Кочанското поле?

**Реките Црн Дрим и Брегалница**

22. Кој климатски тип во Република Северна Македонија се одликува со умерено топли и суви лета и со умерено влажни и студени зими?

**умерено-континентален климатски тип**

23. Кој климатски тип е карактеристичен за Полошката, Пелагониската и Преспанската котлина?

**умерено-континентален климатски тип**

24. Кој климатски тип во Република Северна Македонија се одликува со долги, студени и врнежливи зими и пократки и свежи лета?

**планински климатски тип**

25. На кој речен слив главни реки се реките Вардар и Струмица?

**Егејски речен слив**

26. Кои од наведените реки се десни притоки на реката Вардар?

**Треска, Тополка и Бабуна**

27. Кои од наведените реки се леви притоки на реката Вардар?

**Пена, Лепенец и Пчиња**

28. На која река, во Истибањската клисура е изградена акумулацијата Калиманци?

**Река Брегалница**

29. Која река извира кај село Железнец, Демирхисарско и има должина од 207км?

**Црна Река**

30. Кои две акумулации се изградени на реката Треска?

**Акумулациите Матка и Козјак**

31. На кој речен слив припаѓаат водите кои истекуваат од Охридското Езеро?

**Јадрански речен слив**

32. Во која од наведените групи на реки има река која не припаѓа на Егејскиот речен слив?

**Треска, Кадина Река, Тополка, Радика**

33. Кое езеро во Република Северна Македонија се наоѓа помеѓу планината Галичица од исток и Мокранска Планина од запад?

**Охридско Езеро**

34. Кое езеро во Република Северна Македонија се наоѓа на надморска височина од 853метри и зафаќа површина од 275км$^2$?

**Преспанско езеро**

35. Како се поделени природните езера во Република Северна Македонија?

**Тектонски и леднички**

36. Колкава површина зафаќа Дојранското Езеро?

**43км$^2$**

37. Какви езера, според настанокот се Малото и Големото езеро на планината Баба?

**Глацијални**

38. Од кое езеро водата подземно истекува во Охридското Езеро?

**Преспанско езеро**

39. Која река извира во подножјето на планината Стогово кај селото Извор?

**Треска**

40. На која планина се наоѓаат глацијалните езера Боговинско и Црно Езеро?

**Шар Планина**